## ЦЕЛИ - РЕВИЗИЈАТА НА УСПЕШНОСТ „ЕФИКАСНОСТ НА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ, ПОЛИТИКИ И КОНКРЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

Цел на ревизијата е да се даде „оценка за ефикасноста на преземените мерки, политики и конкретни проекти за развој на туризмот во Република Македонија и давање на препораки за подобрување на состојбата во туризмот“. Со ревизијата треба да се одговори на прашањето „Дали преземените мерки, политики и проекти во туризмот, од страна на инволвираните субјекти обезбедуваат развој на туризмот, привлекување на нови инвестиции, креирање нови работни места, промовирање на културните вредности и природните богатства на Република Македонија и поттикнување на економскиот развој? “

За да може да одговори на поставената цел, ревизијата изврши анализа на следните области кои имаат свое влијание врз туризмот во Република Македонија:

- Правната рамка и стратешките документи;
- Соработката и координацијата на инволвираните лица во активностите при планирање, донесување и реализација на политики, мерки и проекти во областа на туризмот;
- Влијанието на обезбедените финансиски, материјално-технички и човечки ресурси врз навремено и квалитетно планирање, донесување и реализирање на активностите во областа на туризмот;
- Инфраструктура и капацитети – овозможување на функционална туристичка целина (комунална, сообраќајна и туристичка инфраструктура), доволен број и соодветни објекти како и други содржини за сместување и престој на туристите;
- Креирањето на конкретни, комплетни и конкурентни туристички производи;
- Рамномерна поддршка и промоција на сите видови на туризам во Република Македонија;
- Влијанието на „Сивата економија во туризмот“ (нерегистрирани физички лица вршители на угостителска дејност) врз остварување на приходи од такса за привремен престој и обезбедување на реални статистички податоци.

Според сознанијата до кои дојдовме при извршувањето на наведената ревизија на успешност и оценката на ризичните подрачја, сметаме дека со ревизијата на успешност може во задоволителен степен да се постигне идентификување на:

- клучните фактори кои влијаат на ефикасноста на политиките, мерките и проектите во областа на туризмот и нивна анализа,
- утврдување на причините за постојната состојба и
- давање препораки за надминување на утврдените слабости.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 – Опфат и методологија на овој извештај.